Службен гласник
на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 1
28 јануари 2026 година

СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 1. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на употребата на зборот - Штип во името на здружение на граѓани Пливачки Ватерполо клуб Видра-Штип, Штип. | 7 |
| 2. | Одлука за одобрување на употребата на зборот - Штип во името на здружение на граѓани Пливачки Ватерполо клуб Видра-Штип, Штип. | 7 |
| 3. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на платата на вработените во ЈП„Стипион 2011“Штип за 2026 година. | 8 |
| 4. | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на платата на вработените во ЈП „Стипион | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2011“-Штип за 2026 година. | |
| 5. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на дополнување на годишен план за вработување на ЈП„Стипион 2011“- Штип за 2026 година. | 9 |
| 6. | Одлука за давање согласност на дополнување на годишен план за вработување на ЈП„Стипион 2011“- Штип за 2026 година. | 10 |
| 7. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 11 |
| 8. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 11 |
| 9. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Акциски план за ревитализација на планот за заштита и спасување од природни непогоди на општина Штип. | 12 |
| 10. | Одлука за донесување на Акциски план за ревитализација на планот за заштита и спасување од природни непогоди на општина Штип. | 13 |
| 11. | Решение за објавување на Одлука за доделување на стипендии и еднократни парични награди на учениците од општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година. | 21 |
| 12. | Одлука за доделување на стипендии и еднократни парични награди на учениците од општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година. | 21 |
| 13. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип. | 24 |
| 14. | Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип. | 25 |
| 15. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОУК „Дом на млади“ за 2026 година. | 25 |
| 16. | Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОУК „Дом на млади“ за 2026 година. | 26 |
| 17. | Годишна Програма на Општинска установа за култура „Дом на млади‟ - Штип. | 26 |
| 18. | Решение за објавување на годишни финансиски планови на ОУК „Дом на млади“ Штип за 2026 година. | 31 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Годишни финансиски планови на ОУК „Дом на млади“ Штип за 2026 година. | 31 |
| 20. | Решение за објавување на Програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година. | 32 |
| 21. | Програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година. | 32 |
| 22. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година. | 49 |
| 23. | Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година. | 49 |
| 24. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за техничка исправка за ГП2.18 и ГП 2.20 од ДУП на дел од центар Триагиолник, дел од Урбан блок 3 и 4, Урбан модул 1 и 2, опфат помеѓу улиците Гоце Делчев, Маршал Тито, Ванчо Прке, Рајко Жинзифов, И.Л.Рибар, Христо Ботев и Охридска, Општина Штип. | 51 |
| 25. | Заклучок за давање на позитивно мислење за техничка исправка за ГП2.18 и ГП 2.20 од ДУП на дел од центар Триагиолник, дел од Урбан блок 3 и 4, Урбан модул 1 и 2, опфат помеѓу улиците Гоце Делчев, Маршал Тито, Ванчо Прке, Рајко Жинзифов, И.Л.Рибар, Христо Ботев и Охридска, Општина Штип. | 51 |
| 26. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за техничка исправка на ДУП на дел од центар,дел од урбан блок 1(урбан модул 1 и 2) ГП 80,КО Штип 5, општина Штип. | 54 |
| 27. | Заклучок за давање на позитивно мислење за техничка исправка на ДУП на дел од центар,дел од урбан блок 1(урбан модул 1 и 2) ГП 80,КО Штип 5, општина Штип. | 55 |
| 28. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелацијаза формирање на Г.П. 15.1 и Г.П.15.2 од Г.П.15 од ДУП за измена и дополнување на дел од Индуатриска зона -2, дел од УБ 52 и 53,УМ 1 и 2 ,КО Штип 1,општина Штип. | 57 |
| 29. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелацијаза формирање на Г.П. 15.1 и Г.П.15.2 од Г.П.15 од ДУП за измена и дополнување на дел од Индуатриска зона -2, дел од УБ 52 и 53,УМ 1 и 2 ,КО Штип 1,општина Штип. | 58 |

| | | |
|---|---|---|
| 30. | Решение за објавување на Финансиски план на ЈП „Стипион 2011“ Штип за 2026 година. | 59 |
| 31. | Финансиски план на ЈП „Стипион 2011“ Штип за 2026 година. | 59 |
| 32. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици за период од 01.07-30.09.2025 година. | 60 |
| 33. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици за период од 01.07-30.09.2025 година. | 60 |
| 34. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за користење на јавниот простор. | 61 |
| 35. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за користење на јавниот простор. | 62 |
| 36. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за уредување на градежно земјиште за период од 01.07-30.09.2025 година. | 62 |
| 37. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за уредување на градежно земјиште за период од 01.07-30.09.2025 година. | 63 |
| 38. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци за период од 01.07.-30.09.2025 година. | 64 |
| 39. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци за период од 01.07.-30.09.2025 година. | 64 |

| | | |
|---|---|---|
| 40. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на општина Штип за 2025 година. | 65 |
| 41. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на општина Штип за 2025 година. | 66 |
| 42. | Решение за објавување на Одлука за предавање во владение на противпожарна опрема и возила. | 66 |
| 43. | Одлука за предавање во владение на противпожарна опрема и возила. | 67 |
| 44. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Нина Хаџи-Николова за учество на манифестацијата, меѓународни рецитали на таленти на музичари во Лондон Обединето Кралство. | 68 |
| 45. | Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Нина Хаџи-Николова за учество на манифестацијата, меѓународни рецитали на таленти на музичари во Лондон Обединето Кралство. | 69 |
| 46. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани Литературен клуб Искра-Штип. | 70 |
| 47. | Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани Литературен клуб Искра-Штип. | 70 |
| 48. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Заедница на инвалидски организации-Штип. | 71 |
| 49. | Одлука за одобрување финансиски средства на Заедница на инвалидски организации-Штип. | 71 |
| 50. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип. | 72 |
| 51. | Одлука за одобрување финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип. | 73 |
| 52. | Решение за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиштена подрачјето на Општина Штип за 2026 година. | 74 |

| | | |
|---|---|---|
| 53. | Решение за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2026 година. | 75 |
| 54. | Процедура за утврдување на постапката за одземање на предмет (возило) од страна на инспектор по патен сообраќај на Општина Штип. | 77 |

1.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА ЗБОРОТ - ШТИП ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ПЛИВАЧКИ ВАТЕРПОЛО КЛУБ ВИДРА-ШТИП, ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на употребата на зборот - Штип во името на здружение на граѓани Пливачки Ватерполо клуб Видра-Штип, Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 611 /2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

2.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ број 52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ“ број 239/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА ЗБОРОТ **ШТИП** ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ПЛИВАЧКИ ВАТЕРПОЛО КЛУБ ВИДРА – ШТИП

Член 1

Се одобрува употреба на зборот **Штип** во името на Здружението на граѓани- Пливачки Ватерполо клуб Видра - Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 611 /1
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

3.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП„СТИПИОН 2011“- ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на платата на вработените во ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 612 /2
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

4.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен

весник на РСМ број: 275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП „СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висина на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во ЈП „Стипион 2011“ Штип број 0202-514/10 од 23.12.2025 година донесена од Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“ Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“ Штип врој 0202-514/10 на седницата одржана на 23.12.2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 612 /1
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

5.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП„СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на дополнување на годишен план за вработување на ЈП„Стипион 2011“- Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 613 /2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

6.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20, 302/20, 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ЈП„СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈП„Стипион 2011“ Штип за 2026 година (дополнување).

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Дополнување е Годишниот план за вработување на ЈП„Стипион 2011“ Штип за 2026 година број 0403-30/1 од 14.01.2026.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 613 /1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2026 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

7.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 614 /2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

8.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на

- Ајѓул Кадриовска во висина од 8.000,00 денари,
- Таир Исмаилов во висина од 5.000,00 денари,
- Елисе Асанова во висина од 8.000,00 денари,
- Ивана Чичева во висина од 5.000,00 денари,
- Демир Шакиров во висина од 3.000,00 денари,
- Марија Џамбазова во висина од 8.000,00 денари,
- Дарка Павлова во висина од 8.000,00 денари,
- Анѓелина Костова во висина од 8.000,00 денари,
- Емилија Шпигова во висина од 8.000,00 денари,
- Драгица Медарска во висина од 8.000,00 денари,
- Сузана Глигорова во висина од 8.000,00 денари,
- Петар Бошков во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 614/1 | Совет на Општина Штип
28 јануари 2026 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

9.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за донесување на Акциски план за ревитализација на планот за заштита и спасување од природни непогоди на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 615 /2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

10.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се донесува акциски план за ревитализација на планот за заштита и спасување од природни непогоди на општина Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е акциски план за ревитализација на планот за заштита и спасување од природни непогоди на општина Штип (за период 2026 – 2029).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 615 /1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2026 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

# ПЛАН ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

## 1.1 1. Правна основа

Овој План се донесува согласно:

- **Законот за заштита и спасување** („Службен весник на РСМ“),
- Законот за управување со кризи,
- Националната стратегија за намалување на ризици од катастрофи,
- Подзаконските акти и планови за заштита и спасување на локално и национално ниво.

## 1.2 2. Цел и опфат

### 1.2.1 2.1 Цел

Ревитализација и унапредување на системот за заштита и спасување преку зајакнување на организациските, кадровските и материјално-техничките капацитети, со цел ефикасна превенција, подготвеност и навремен одговор при ризици и несреќи.

### 1.2.2 2.2 Опфат

Планот ги опфаќа:

- органите на државната и локалната власт,
- јавните претпријатија и установи,
- правните и физичките лица,
- доброволните и хуманитарните организации,

во согласност со нивните законски надлежности.

## 1.3 3. Начела на заштита и спасување

Согласно Законот, Планот се темели на следните начела:

- превенција и подготвеност,
- солидарност и меѓусебна помош,
- одговорност и субсидијарност,
- координација и единствено командување,
- јавност и информираност.

## 1.4 4. Анализа на постојната состојба

- Делумна функционалност на постојните планови за заштита и спасување
- Недоволно обучени единици за заштита и спасување
    - Застарена опрема и средства
    - Ограничена примена на системи за рано предупредување
    - Недоволно вклучување на населението

## 1.5 5. Цели на ревитализацијата

### 1.5.1 5.1 Општа цел

Подобрување на ефикасноста и функционалноста на системот за заштита и спасување во согласност со законските надлежности.

### 1.5.2 5.2 Посебни цели

- Усогласување на сите плански документи со Законот за заштита и спасување
- Зајакнување на капацитетите на **Дирекцијата за заштита и спасување** и локалните единици
- Подобрување на координацијата со Центарот за управување со кризи
- Обнова на опремата и возниот парк

- Развивање систем за континуирана обука

## 1.6 6. Мерки и активности

### 1.6.1 6.1 Организациска ревитализација

- Ажурирање на процените на загрозеност
- Донесување и усогласување на планови за заштита и спасување
- Формирање и активирање на општински штабови
- Јасна поделба на улоги меѓу институциите

### 1.6.2 6.2 Кадровска ревитализација

- Обука на припадници на силите за заштита и спасување
- Обука на раководен кадар (командување и координација)
- Организирање редовни вежби (член 48–50 од Законот)
- Активирање и поддршка на доброволни сили

### 1.6.3 6.3 Материјално-техничка ревитализација

- Набавка на опрема согласно стандарди
- Одржување и модернизација на постојните средства
- Обнова на комуникациски системи
- Обезбедување лична заштитна опрема

### 1.6.4 6.4 Превенција и рано предупредување

- Мониторинг на ризици
- Развој на локални системи за известување
- Информирање на населението согласно член 23 од Законот

### 1.6.5 6.5 Вклучување на граѓаните

- Едукација на населението
- Поддршка на доброволни противпожарни друштва
- Кампањи за самозаштита
-

## 1.7 7. Финансирање

Средствата за реализација на Планот се обезбедуваат преку:

- буџет на државата и општините,
- наменски средства согласно Законот,
- донации и меѓународна помош,
- проекти финансирани од ЕУ фондови.

## 1.8 8. Имплементација

Планот се реализира преку:

- годишни оперативни програми,
- носители на активности,
- дефинирани рокови и одговорни лица.

## 1.9 9. Надзор, следење и ажурирање

- Следење од надлежните органи
- Годишна анализа и извештај
- Ажурирање согласно законски измени и процена на ризици

## 1.10 10. Завршни одредби

Овој План стапува во сила со денот на неговото донесување и се применува во согласност со Законот за заштита и спасување и останатите релевантни прописи.

## 1.11 ПЛАН ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

## 1.12

### 1.12.1 1. Вовед

Овој план има за цел зајакнување, модернизација и функционално унапредување на системот за заштита и спасување со цел поефикасно справување со природни непогоди, техничко-технолошки несреќи и други кризни состојби.

### 1.12.2 2. Анализа на состојбата

- Недоволна или застарена опрема
- Недостиг од обучен кадар
- Слаба координација меѓу институциите
- Ограничени финансиски ресурси
- Недоволна информираност на населението

### 1.12.3 3. Цели на планот

**Општа цел:**

Подобрување на капацитетите за превенција, подготвеност, одговор и опоравување.

**Специфични цели:**

- Јакнење на институционалната соработка
- Обнова и модернизација на опрема и инфраструктура
- Континуирана обука и едукација
- Подобрување на системите за рано предупредување
- Вклучување на локалната заедница

### 1.12.4 4. Мерки и активности

#### 1.12.4.1 4.1 Институционална ревитализација

- Ажурирање на планови за заштита и спасување
- Формирање/зајакнување кризен штаб
- Јасна поделба на надлежности

#### 1.12.4.2 4.2 Кадровско јакнење

- Обуки за професионален и волонтерски кадар
- Редовни симулациски вежби
- Сертификација и специјализации

#### 1.12.4.3 4.3 Техничко-материјално унапредување

- Набавка на заштитна и спасувачка опрема
- Обнова на возила и комуникациска техника
- Дигитализација на оперативните процеси

#### 1.12.4.4 4.4 Превенција и рано предупредување

- Мониторинг на ризици (пожари, поплави, земјотреси)
- Инсталација на алармни и информативни системи
- Кампањи за информирање на граѓаните

### 1.12.4.5 4.5 Вклучување на јавноста

- Едукативни програми во училишта
- Поддршка на доброволни противпожарни друштва
- Јавни вежби и обуки

### 1.12.5 5. Финансиска рамка

- Буџет од локални/државни средства
- Аплицирање за ЕУ и меѓународни фондови
- Јавно-приватни партнерства

### 1.12.6 6. Имплементација и рокови

- Краткорочни активности (0–12 месеци)
- Среднорочни активности (1–3 години)
- Долгорочни активности (3–5 години)

### 1.12.7 7. Мониторинг и евалуација

- Годишни извештаи
- Индикатори за успешност
- Ревидирање и ажурирање на планот

### 1.12.8 8. Заклучок

Ревитализацијата на системот за заштита и спасување е континуиран процес кој бара координација, инвестиции и активно учество на сите чинители со цел зголемување на безбедноста на граѓаните

## 1.13 РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ
**за заштита и спасување од природни непогоди**
**Општина Штип**

**1. Вовед**

Оваа ревитализација има за цел унапредување и усогласување на Планот за заштита и спасување од природни непогоди на Општина Штип, согласно актуелните ризици, климатските промени, урбаниот развој и искуствата од претходни кризни состојби. Планот служи како оперативен документ за превенција, подготвеност, одговор и опоравување.

**2. Правна рамка**

Планот се заснова на:

- Законот за заштита и спасување
- Законот за управување со кризи
- Подзаконски акти и национални стратегии
- Одлуки на Советот на Општина Штип

**3. Проценка на ризици**

**3.1 Главни природни непогоди во Општина Штип**

- **Поплави** – река Брегалница и поројни водотеци
- **Земјотреси** – сеизмички активно подрачје

- **Лизгање на земјиште** – рурални и периферни зони
- **Екстремни температури** – топлотни бранови и студ
- **Пожари на отворен простор** – летен период
- **Суши и невремиња** – влијание врз земјоделството

**3.2 Критична инфраструктура**

- Водовод и канализација
- Електроенергетска мрежа
- Болница, училишта, градинки
- Патна инфраструктура

**4. Организација и координација**

**4.1 Надлежни субјекти**

- Градоначалник на Општина Штип
- Општински штаб за заштита и спасување
- Центар за управување со кризи (ЦУК)
- Дирекција за заштита и спасување (ДЗС)
- ЈП и комунални служби
- Црвен крст, МВР, Армија (по потреба)

**4.2 Командна структура**

Јасно дефинирани улоги, линии на командување и процедури за активирање во вонредни услови.

**5. Мерки за превенција**

- Редовно чистење на речни корита и одводни канали
- Контрола на урбанистичко планирање во ризични зони
- Јакнење на критична инфраструктура
- Едукација на населението и јавни кампањи
- Системи за рано предупредување

**6. Мерки за подготвеност**

- Обуки и вежби на општинските служби
- Ажурирање на бази на податоци и контакт-листи
- Опрема и материјално-технички средства
- Планови за евакуација и прифатни центри

**7. Постапки за одговор**

- Брза проценка на состојбата
- Активирање на Општинскиот кризен штаб
- Евакуација и спасување
- Медицинска и психосоцијална помош
- Информирање на јавноста

**8. Опоравување и санација**

- Проценка на штети
- Санација и реконструкција
- Поддршка за погоденото население

- Анализа на научени лекции

**9. Финансиски и логистички аспекти**

- Општински буџет
- Државна помош
- Донаторски средства
- Резерви и логистика

**10. Ажурирање и ревизија**

Планот се ревидира:

- На секои 3–5 години
- По секоја поголема природна непогода
- При значајни законски или организациски промени

**АКЦИОНЕН ПЛАН**
**за заштита и спасување од природни непогоди**
**Општина Штип (период: 2026–2029)**

**1. Цел на акциониот план**

Јакнење на капацитетите на Општина Штип за превенција, подготвеност, одговор и опоравување од природни непогоди преку конкретни мерки, дефинирани рокови и финансиска рамка.

**2. Табела: Активности, рокови и буџет**

**2.1 Превенција**

| Бр. | Активност | Рок | Одговорен | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ажурирање на проценка на ризици (поплави, земјотреси, пожари) | 6 месеци | Општина Штип, ДЗС, ЦУк | 300.000 |
| 2 | Чистење и уредување на речни корита и одводни канали | Континуирано (годишно) | ЈП, Општина Штип | 20.000.000 |
| 3 | Идентификација и обележување ризични подрачја | 9 месеци | Општина Штип, ЦУК | 200.000 |
| 4 | Превентивни мерки против пожари (пристапни патишта, појаси) | Годишно | Општина Штип, ЈП и ТППЕ | 500.000 |

**Вкупно (превенција): 21.000.000 ден.**

**2.2 Подготвеност**

| Бр. | Активност | Рок | Одговорен | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Обука на Општински штаб за заштита и спасување | 6 месеци | ДЗС, ЦУК | 150.000 |
| 6 | Спроведување симулациски вежби (поплава/земјотрес) | Годишно | Општина штип, МВР | 250.000 |
| 7 | Изработка и ажурирање планови за | 12 | Општина штип | 200.000 |

| Бр. | Активност | Рок | Одговорен | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| | евакуација | месеци | | |
| 8 | Набавка на основна опрема (пумпи, заштитна опрема) | 12 месеци | Општина штип | 1.200.000 |

**Вкупно (подготвеност): 1.800.000 ден.**

**2.3 Одговор при криза**

| Бр. | Активност | Рок | Одговорен | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Формирање и ажурирање листа на ресурси и човечки капацитети | 6 месеци | Општина штип | 100.000 |
| 10 | Подобрување на систем за информирање и рано предупредување | 18 месеци | Општина штип, ЦУК | 400.000 |
| 11 | Опремување привремени прифатни центри | 18 месеци | Општина штип, Црвен крст | 600.000 |

**Вкупно (одговор): 1.100.000 ден.**

**2.4 Опоравување и санација**

| Бр. | Активност | Рок | Одговорен | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Изработка методологија за брза проценка на штети | 6 месеци | Општина штип, ДЗС | 100.000 |
| 13 | Формирање фонд за итни интервенции | Континуирано | Совет на Општина штип | 2.000.000 |
| 14 | Анализа на научени лекции по секоја криза | Континуирано | Општина штип | 50.000 |

**Вкупно (опоравување): 2.150.000 ден.**

**3. Вкупен индикативен буџет**

| Категорија | Износ (денари) |
|---|---|
| Превенција | 21.000.000 |
| Подготвеност | 1.800.000 |
| Одговор | 1.100.000 |
| Опоравување | 26.050.000 |
| **ВКУПНО** | **8.050.000 ден.** |

**4. Извори на финансирање**

- Буџет на Општина Штип
- Буџет на РСМ
- ДЗС и ЦУК

- Донаторски и ИПА фондови
- Јавни претпријатија

11.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ И ЕДНОКРАТНИ ПАРИЧНИ НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за доделување на стипендии и еднократни парични награди на учениците од општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 616 /2
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

12.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02и Службен весник на РСМ број 202/24), член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), член 1 од Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип“ број 04/22 ), член 8 став 2 и 3 и член 13 став 5 од Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип“ број 05/22 и 12/23), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ И ЕДНОКРАТНИ ПАРИЧНИ НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Член 1

Општина Штип доделува дваесет и три (23) стипендии и три (3) еднократни парични награди на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година.

Член 2

Стипендиите и еднократните парични награди се доделуваат согласно утврдената Бодовна-листа од Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари број 30-332/3 од 16.01.2026 година, од спроведениот Јавен повик за пријавување на ученици за доделување награди и стипендии за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари број 30-7871/1 од 2025 година.

Член 3

Стипендиите се доделуваат за период од 12 месеци, за учебната 2024/2025 година.

Стипендија во износ од 3.000,00 денари месечно, се доделува на:

1. Марио Ванчоски
2. Иван Костевски
3. Дамјан Чамушев

Стипендија во износ од 2.500,00 денари месечно, се доделува на:

1. Дора Милева
2. Мартин Стојанов
3. Дамјан Лазарев

Стипендија во износ од 2.000,00 денари месечно, се доделува на:

1. Драган Иванов
2. Михаил Костадинов
3. Марко Кралев
4. Дарија Ристова
5. Ели Пилатова
6. Даниел Христов
7. Јана Стојанова

8. Ива Калафова
9. Дијана Митева
10. Ангела Стојановска
11. Мила Штериева
12. Теа Стојановска
13. Лаура Јорданова
14. Елена Џамбазова
15. Јована Анева
16. Ања Рунтева
17. Симона Георгиева

Член 4

Еднократни парични награди во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на :

1. Дамјан Давков
2. Марио Ванчоски
3. Иван Костевски

Член 5

Финансиските средства за стипендиите и еднократните парични награди ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е Бодовна-листа на Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари, со архивски број 30-332/3 од 16.01.2026.

Општина Штип е должна да ја објави Бодовната – листа на веб-страната на општината.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 616/1
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

13.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 617/2
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

14.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008 АД” – Штип, за тековни трошоци за 2026 година во висина до 15.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 617/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2026 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

15.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУК „ДОМ НА МЛАДИ“ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОУК „Дом на млади“ за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 618/2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

16.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
ОУК „ДОМ НА МЛАДИ“ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се донесува годишна програма за работа на ОУК „Дом на млади“ за 2026 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 618 /1
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

17.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Сатутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип‟ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11) се предлага:

**Годишна Програма на**
**Општинска установа за култура**
**„Дом на млади‟ - Штип**

**ВОВЕД**

Дом на Млади – Штип е установа која се занимава со неформално образование на граѓаните на нашата општина, па и пошироко. Во изминатите 40тина години установата е синоним за настани во областа на културата во нашиот град.

Дом на Млади во изминатите неколку години е модернизиран инфраструктурно во рамките на финансиските планови и можностите на установата, но тоа дава уште поголем мотив за да продолжиме со доопремување со техника и инфраструктурни подобрувања, со кои во иднина ОУК Дом на млади - Штип би била технички самостоен и инфраструктурно подобрен за реализација на секаков вид на културни манифестации.

Годишната програма е креирана со цел да ја издигне културната понуда за младите во Општина Штип, врз основ на традиција, нови трендови, културно наследство итн.
Во годинешната програма се вклучени неколку нови настани, покрај традиционалните настани за ОУК Дом на Млади – Штип, кои за прв пат ќе се оддржат во нашиот град како содржина од областа на културата.
За таа цел, ја предлагам следната програма која ќе ја унапреди културната понуда во Општина Штип и регионот, а која би се реализирала во ОУК Дом на Млади – Штип за 2026 година.

**ПРОГРАМА**

Активирање на младите во програмски содржини и проекти кои ја поттикнуваат креативноста, творењето и волонтирањето, стекнување на нови вештини и знаења, запознавање на основни стандарди при организација и продуцирање на настан од областа на културата од повеќе културни дејности, со една заедничка цел подобрување на културната понуда во општината.

**• МУЗИКА**

Дом на Млади е установа во која имаат гостувано плејада бендови и музичари од домашната и поранешна ЈУ сцена. Во тој контекст, целта е да се афирмира установата во вистинско светло, со што ќе ги привлече младите, но и останатите граѓани од Општина Штип и регионот. За таа цел е креирана следната програма:

- Од А до ШТИП – Фестивал на хип хоп музика и урбани култури
- ВИНИЛ БУТИК – настан на кој се разменуваат/продаваат грамофонски плочи
- Концерти на музички групи
- Астибо Џез Фестивал
- Светски ден на Џез музиката
- РОК Подиум
- Хепенинг четрсе
- Електронска музика
- Мини фестивал на електронска музика со домашни автори
- Промоции на носачи на звук
- Street food & music festival (за прв пат во Штип)
- Концертни авторски промоции на млади музичари

- Натпревар за млади музичари и нивно афирмирање (копродукциски)

**• ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ФОТОГРАФИЈА**

- Колонија на различностите (ликовна колонија за деца со типичен и атипичен развој)
- Работилница за фотографија на тема Штип како туристички центар
- Герила изложби на фотографија
- Реализација на Ликовни изложби на афирмирани и млади уметници
- Конкурс за ликовна уметност и фотографија

**•ЛИТЕРАТУРА**

Преку организација на конкретни културни активности повторно ќе се отвори можност за афирмација на литературата и ново изразување на младите во оваа област.

Планирани активности:

- Поетски вечери
- Литературни читања
- Промоции на книги на млади и афирмирани автори
- Литературни конкурси
- Претставување на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“
- Рецитаторски натпревари
- Поддршка на млади писатели при издавање на нивна книга (издаваштво/печатење/промоција)

**•ТЕАТАР И ФИЛМ**

Планирани се следните активности:

- Летно кино
- Кино за деца
- Настапи на аматерски театри и театарски групи
- Продукција на театарска претстава
- Работилница за млади за театар и филм, под менторство на афирмирани уметници од областа на театарот и филмот
- Школа за млади глумци

**• СОВРЕМЕНИ ТАНЦИ**

Во контекст на тоа дека има повеќе аматерски танчерски групи кои се занимаваат со изучување на модерни танци и класичен балет, Дом на Млади е во постојана соработка со истите со години наназад, и ваквите соработки ке продолжат и понатаму.

Планирано е следното:

- Организација на фестивал за танци
- Организација за натрпевар за модерни танци

**• Аматери и волонтерство**

Дом на младисекогаш давал поддршка на аматери и млади уметници во повеќе дисциплини во областа на културата, со цел да се поттикнат младите да волонтираат во сите програмски содржини, настани и проекти кои се спроведуваат во годишната ппрограма, а тоа ќе има придонес кон стекнување на нови знаења и искуства. Со тоа се постигнуваат и други резултати, односно, организациски способности, учење на тоа како технички се реализира настан од култура итн.

За реализирање на вакви проекти е предвидено:

- Учество на настани на аматерски музички групи
- Театар на аматери
- Учество во проекти на здруженија на граѓани
- Учество во разни работилници во областа на културата

**• Соработка**

За да се овозможи реализација на сите замислени програмски содржини ОУК Дом на Млади ќе ја продолжисоработката со различни институции, организации и граѓански здруженија, но главната цел за 2026 е да воспостави нови контакти во Македонија и странство, со цел соработка и поддршка на различни проекти поврзани со развојот на културата и развојот на младите.

- Оддржување на старите контакти
- Организирање на промоции и отстапување на простор за индивидуално и групно усовршување
- Организација на специјални работилници и трибини за млади уметници
- Развивање на соработка со институции на национално ниво
- Соработка со Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
- Развивиање соработка со бизнис секторот
- Поддршка на уметници од различни области

<u>**ПРОМОЦИЈА**</u>

Поттик за творење, и активно културно живеење и афирмација на творештвото на младите уметници во сите свери на културата.

**• Промоција и афирмација**

ДНМ е иницијатор и креатор во областа на културата и уметноста во град Штип. Во таа функција ќе се превземат следните активности:

- Афирмирање на историската архива на ДНМ, како и печатење на истата со која би направиле галерија на влезот во објектот
- Постоечкиот ИТ тим ентузијасти да продолжи да ја уредува веб страната
- Организирање на прес конференции за информирање преку локални и национални медиуми, но и информирање преку социјални мрежи бидејки тоа е најдостапно за сите.

**ИНФРАСТРУКТУРА**

Подобрување на уловите во установата за остварување на подобар, побогат и квалитетен културен живот на младите.

**• Внатрешно уредување**

Како целина просторот е модернизиран и уреден, и се потребни минимални зафати и набавки за да добие лик на мултифункционален објект во кој може да се оддржуваат различни настани од областа на културата (концерт, кино, театар, изложба...)

Предвидено е да се реализира:

- Уредување на просторот во малата сала
- Набавка и инсталирање на декоративни плочки во малата сала
- Поврзување со вода во големата сала
- Естетско разубавување на големата и малата сала со додатни неонски и украсни светла
- Набавка на нов инвентар (маси и столици)
- Поставување на нов под во големата сала
- Реконструкција и освежување на подот во малата сала

**• Надворешно уредување**

- Доопремување на чадорот со акустични панели кои ќе имаат цел да ја подобрат акустиката под чадорот
- Санација и естетско освежување за главната капија
- Уредување на последното ниво од летниот концертен простор

**• Техничка опременост**

Техничката опременост на ДНМ е ставка која е клучна за непречено и самостојно оддржување на настани. Бидејки ДНМ не поседува доволен број на светлечки тела и озвучување за да функционира самостојно, предвидено е:

- Дополнување на постоечките светлечки КОНЦЕРТНИ светла, со нови
- Два аудио засилувачи
- Поставување на РАМПА на надворешниот простор (под чадорот) каде ќе може да се постави озвучување и концертна опрема (светла итн.)
- Mirorlessфото апарат и објектив
- Аудио систем наменет за малата сала сооветен за капацитетот на просторијата

Број 0302 – 8 /1
13 јануари 2026 година

Ш т и п

ОУК “Дом на млади”– Штип
Директор

Видан Лазарев, с.р.

18.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ФИНАНСИСКИ ПЛАНОВИ НА ОУК „ДОМ НА МЛАДИ“ ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на годишни финансиски планови на ОУК „Дом на млади“ Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 619/2 Општина Штип
28 јануари 2026 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

19.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ФИНАНСИСКИ ПЛАНОВИ НА ,,ОУК ДОМ НА МЛАДИ” ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се донесуваат Годишни финансиски планови на ОУК ,,Дом на млади” Штип за 2026 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 619 /1
28 јануари 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

20.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 620/2
28 јануари 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

21.

Врз основа на член 14, став 2 и став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 6 од 13.01.2012 година, и вр основа на Статутот на Општина Штип, и чл. 21 став 1, точка 36 („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 15/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

**Вовед**

Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година е документ со кој се планираат годишните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2026 година.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 6/2012), Законот за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација (“Службен Весник на Република С. Македонија” бр. 258/2020 год.), Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (Службен Весник на Република Македонија” бр. 24/од 2021 год.), и други закони, општината има за цел да креира локални политики и да работи на згоемување на свеста кај граѓаните за воспоставување на еднаквите можности на мажите и жените во: политичката, економска, социјалната, образовната, здравствената и во други сфери, при тоа почитувајќи го принципот на недискриминација, преземајќи основни и посебни мерки кои произлегуваат од Законот за еднакви можности.

Советот на Општината игра клучна улога во создавањето безбедни и здрави услови за заедницата на која ѝ служи. Комисијата за еднакви можности на мажите и жените како постојано тело на Советот, е одговорна и посветена на промоција и операционализација на прашањето за родовата еднаквост преку конкретни мерки и активности. Донесувањето на Програмата за еднакви можности на Општина Штип е токму таков план кој ќе овозможи реализирање на активности кои ќе дадт свој придонес во однос на еднаквите можности на сите луѓе во заедницата. Со вакви документи локалната власт може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените и мажите во општината и унапредување на родовата еднаквост.

Почитувајќи го принципот на транспарентност и партиципативност во донесување на документи кои се од интерес на граѓаните на општината, при изготвувањето и планирање на содржините на Програмата за еднакви можности за 2026 година, беа вклучени граѓаните преку граѓански организации. Во процесот на изготвување на Годишната програма за еднакви можности беше искористена алатката Јавен повик која овозможи рамноправен пристап на сите заинтересирани здруженија и фондации кои работат на темата „еднакви можности“.

Во Јавниот повик кој беше распишан на 4 ноември и траеше до 20 ноември, беа содржани 4 приоритетни области со јасно разработени начини, потреби и можни акции со цел исполнување на овие приоритети. Тие беа следниве:

1. **Подобрување на пристапот на жените и мажите до квалитетни здравствени и социјални услуги;**

- Спроведување на кампањи за подигање на свсета за заштата на женското и машкото здравје;
- Истражување и анализа на потребите за ангажирање на здравствени работници со цел подобрување на пристапот до здравствените услуги на жените со фокус на жени од руралните подрачја;
- Спроведување на анализа за појавата на професионални заболувања на жени од текстилната и кожарската индустрија;
- Истражување и анализа на потребите од социјални услуги на територијата на Општина Штип:
    - ➢ потреба од  советување и психосоцијална поддршка (за поединци, деца, семејства во криза поради насислство, зависности, сиромаштија, развод ),
    - ➢ потреба од  помош и нега во домот (стари лица, лица со попреченост, болни лица), потреба за посетување на дневни центри за лица со попреченост (деца и возрасни),
    - ➢ потреба од поддршка за раниот детски развој (особено за семејства во социјален ризик),
    - ➢ потреба од прифатилишта и транзитни центри (за лица жртви на семејно насилство, бездомници, бегалци),
    - ➢ потреба од рехабилитација и ресоцијализација (лица по издржана казна , со зависност или институционално сместени),
    - ➢ потреба од поддршка за вработување и образование (на млади, невработени лица, лица со попреченост, самохрани родители),
    - ➢ потреба за сместување во старски дом (стари лица без можност за грижа во семејството).
- Организирање на обуки за негователи и асистенти – даватели на услуги.
- Давање на бесплатни фитнес тренинзи со цел подобрување на психо-физичкото здравје на жените подложни на професионални заболувања.

**2. Подобрување на економската положба на жените во општина Штип со акцент на развој на женското  претприемништво;**

- Изработка на студија за потребите на жените на територија на Општина Штип за нивно економско зајакнување;
- Осмислување и спроведување на почетни обуки за женско претприемништво (најмалку 100 обучени жени).

**3. Зголемено учество на жените во општествениот живот;**

- Едукација за девојчиња (со фокус на ромското население и населението од  руралните средини)  за поттикнување за стекнување на повисок степен на образование и користа од него;

- Обезбедување на обука за наставниот кадар во предучилишните установи за родова еднаквост и надминување на стереотипите за улогите на жените и мажите
- Зголемување на свеста и интересот кај девојчињата и момчињата за нетипични професии (ИКТ, металругија, воспитувачи и сл.)

4. **Спречување на родово базираното насилство;**
   - Сервис за психолошки третман на сторители на насилство.
   - Воведување /развој на услуга за психо-социјална поддршка за жртвите.
   - Поддршка на сервис за бесплатна правна помош за жртвите на родово базираното насилство.

На повикот со свои предлог – проекти аплицираа единаест здруженија на граѓани и тоа:

- **Здружението за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип,**
- **Кик Бокс Клуб ГЛАДИЈАТОР ФАЈТ од Штип,**
- **Здружение на Ромите - ЧЕРЕЊА Штип,**
- **ЗГ Центар за советување, психотерапија, едукација, личен раст и развој КОНТАКТ 3-ЗАОКРУЖУВАЊЕ Штип,**
- **Здружение на инвалиди на трудот ЗИТ - Штип,**
- **ЕХО-Штип,**
- **Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА Штип ,**
- **Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА – Штип,**
- **Здружение ХУМАНИ ЛАЈОНСИ - Клуб Штип,**
- **Здружението за унапредување, поддршка и развој на ромската заедница – АРКА од Штип**
- **Здружение на психолози и психотерапевти ЗПП ЛИРАС-Штип.**

Постапката за Јавниот повик за аплицирање на предлог активности од здруженија и фондации од Општина Штип за Програмата за еднакви можности за 2026 година, (бр. 09-7294/1 од 4.11.2026 год.) беше прецизирана и регулирана со донесени документи на седница на Совет на Општина Штип, и тоа:

**Одлука** за одобрување на средства за реализација на активности на здруженија и фондации од областа на еднаквите можности за Годишната програма за еднакви можности, бр. 09-8483/1 од 16.12.2025 год. и со

**Процедура** за одобрување на средства за реализација на активности на здруженија и фондации од областа на еднаквите можности за Годишната програма за еднакви можности, бр. 09-8484/1 од 16.12.2025 год.

Од страна на градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов, беше донесено **Решение** за формирање на Комисија за избор на предлог активнсоти од здруженија и фондации од Штип, за Програмата за еднакви можности на Општина Штип.

Врз основа на добиените предлози, Комисијата за избор на предлог активнсоти од здруженија и фондации од Штип, за Програмата за еднакви можности на Општина Штип на 14 јануари 2026 година одржа состанок на кој беа разгледани сите предлог проекти со кои здруженијата на граѓани аплицираа, од кој произлезе Записник за одржан состанок на Комисијата, бр, 30-224/2 од 14.1.2026 год при што беше направен избор и беше донесена одлука за доделување сресдтва на здруженија на граѓани кои со своите активности ќе бидат дел од Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година.

Покрај преложените проекти, Програмата беше дополнета со активности кои општинската администрација ќе ги спроведува во соработка со институции од различни области.

Откако беа разгледани предлог – проектите и предложените активности од општинската администрација, беше составена Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година со следниве планирани активности:

1. Реализација на Проектот „Направи чекор“, кој во континуитет се спроведува од 2023 год. Преку организирани работилници ќе се направи едукација на невработени жени и млади лица за придобивките што се нудат преку мерките од Оперативниот план на АВРМ, ќе се подобрат практичните вештини за барање работа, аплицирање и интервју. Ќе се организира Средба со работодавачите на локално ниво со потенцијалните кандидати за работа. Активностите ќе ги реализира **Здружението за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип (предлог проект по Јавниот повик).**

2. Обуки преку практични вежби во кик - бокс за жени и девојчиња со инструктор за боречки вештини, ментални тренинзи за справување со стрес, едукативни сесии за родова еднаквост и лична безбедност, со цел стекнување на вештини за самоодбрана и зголемување на самодовербата кај жени и девојки кои претходно не би учествувале во ваква програма или пак биле жртви на родово-базирано насилство. Со доделените средства на **Кик Бокс Клуб ГЛАДИЈАТОР ФАЈТ** од Штип ќе се даде финансиска поддршка за набавка на нови тренажни реквизити (ракавици, вреќи за удирање, еластични ленти, заштитна опрема) кои ќе бидат од исклучителна важност за тренингот на целната група. **(предлог проект по Јавниот повик);**

3. Спроведување на низа активности кои ќе придонесат кон подигање на свеста кај учениците од 8 и 9 одделение за надминување на стереотипите за подобрување на меѓучовечките односи, соработка и тимска работа и надминување на разликите  по пол, етничко потекло и сл. Наслов на проектот: „Родова еднаквост и надминување на стереотипи кај учениците“  Истиот ќе го реализира **Здружение на Ромите - ЧЕРЕЊА Штип (предлог проект по Јавниот повик).**.
4. Реализирање на низа активности кои ќе резултираат со собирање податоци за состојбата во која живеат  инвалидите на трудот – мажи и жени на територијата на Општина Штип. Ќе се добие реална слика за бројот на лица со инвалидност, со кого живеат во домот, висина на нивните месечни приходи, дали примаат додаток за инвалидност, дали си ги знаат нивните права, дали имаат потреба од помош во домот, дали имаат потреба за сместување во дом и сл. Активностите ќе ги реализира **Здружението на инвалиди на трудот ЗИТ од Штип,** во рамки на проектот „Помош за тебе“.
5. Обезбедување на  сет на неопходните услуги (бесплатна правна помош, психосоцијално советување, психотерапија, поддршка за едкономско јакнење, безбедносно планирање) за жени и девојки изложени на секаков вид насилство. Преку финанситрање од средства по Програмата за еднакви можности за 2026 год. ќе се обезбеди  непречено функционирање на Центарот за интегративен пристап до неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид на насилство за периодот од најмалку 6 месеци за идната 2026 година (јануари – јуни). Втора актвност во овој предлог проект е редовно одржување на квартални состаноци на Мултисекторскиот тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство со цел заедничко координирано делување при справувањето со различни форми на насилство. Проектот го спроведува **ЕХО - Штип. (предлог проект по Јавниот повик)**;
6. Организирање на бесплатни, стручни, функционални фитнес тренинзи за подобрување на психо-физичкото здравје кај жени подложни на професионални заболуцвања. Проектот го спроведува **ЕХО - Штип.** Во последните 4 години, над 200 жени од општината беа вклучени во овие бесплатни тренинзи. Нивната реализација е во целосен склад со заложбите на Општина Штип за промоција на здрави стилови на живеење, зголемена продуктивност и  поддршка на жените како важен дел од заедницата. **(предлог проект по Јавниот повик);**
7. Унапредување на дигиталните, когнитивните и работните вештини на лицата со интелектуална попреченост преку обезбедување пристап до специјализирана обука за 3Д моделирање, со цел зголемување на нивната социјална инклузија самостојност и подготвеност за потенцијална работна ангажираност. Средствата ќе се искористат за

набавка на 3 Д печатач и лап топ. Проектот беше аплициран од **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Штип**. **(предлог проект по Јавниот повик);**

8. Активности за подобрување на јавното здравје и квалитетот на живот во општина Штип преку промовирање активен здрав и превентивен начин на живеење, со фокус на намалување на ризиците поврзани со прекумерна телесна тежина и седентарен стил на живеење. Преку проектот ќе се подобри физичката кондиција, здравствените параметри и мотивација за здрав животен стил кај 10 лица со прекумерна телесна тежина. Активностите од проектот со наслов: „Активна трансформација: физичка активност за намалување на прекумерна телесна тежина“ се во организација на **Хуманитарното здружение ХУМАНИ ЛАЈОНСИ Клуб Штип. (предлог проект по Јавниот повик);**

9. Развивање и подигнување на претприемачкиот потенцијал на жените од руралните делови на Општина Штип, преку обука, менторство и поддршка за развивање микробизниси (на пр. земјоделие, преработка, ракотворби). Проектот ќе овозможи економско зајакнување, зголемување на самостојноста и вмрежување на жените, со што ќе се придонесе кон намалување на еконоската неактивност и миграција од руралните средини. Активностите од овооj проект: „Поттикнување на женско претприемништво во руралните средини на Општина Штип“ ќе бидат организирани од страна на **Хуманитарното здружение ХУМАНИ ЛАЈОНСИ Клуб Штип. (предлог проект по Јавниот повик);**

10. Проект „Психолошка поддршка на лицата со карцином во Општина Штип“ е проект со кој ќе се обезбеди достапна, бесплатна и стручна психолошка поддршка за лицата кои се соочуваат со малигни заболувања, кои се исклучително ранлива категорија на лица, соочени со физичка болка, стравови, несигурност, нарушен квалитет на живот и социална изолација. Проектот ќе се реализира од страна на **Здружението на психолози и психотерапевти ЗПП ЛИРАС – Штип. (предлог проект по Јавниот повик);**

11. Реализирање на проект :„Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите СПБ во насока на превенција на истите“, проект кој се реализира повеќе години во рамки на Програмата за еднакви можности на Општина Штип. Овој проект се реализира од страна на доктоrи епидемиолози од **ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип.**

**Програмата за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година ќе се финансира од буџетот на Општина Штип. Со програмата е предвидено да се потрошат средства во износ од 1.000.000 денари.**

**Временска и буџетска рамка за реализација на Програмата за еднакви можности**

| | Проблеми/ризици | Облици на делување | Програма/ проект | Времетраење Денови/месеци | Буџет на проектот-денари/за една година | Одговорни за имплементација/ Партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Недоволна запознатост и немање пристап на невработените жените до соодветна едукација и до информации за активните мерки на пазарот на трудот и практичните можности за вработување. | Работилница за вработливост на жени и млади лица Средба со работодавачи на локално ниво Организирање на втор саем на кариери на локално и регионално ниво Циклус на средби насочени кон кариерен развој и економско јакнење на жените во нашата заедница | Проект „Направи чекор“ | Прва работилница за вработливост на жени и млади лица 15 мај 2026<br><br>Втора работилница за Социјално претприемништво и иновации<br><br>Средба со локални и регионални работодавачи | Прва работилница: 5.500 ден. Втора работилница: 5.500 ден. Средба со работодавачи: 8.000 ден. Маици за волонтери : 6.500 ден. Еко ташни: 4.000 ден. Канцелариски материјал: 3.000 ден. Надоместок за координатор на проект : 17.500 **Одобрени средства: ВКУПНО: 50.000** | Здружение за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип<br><br>Проектен координатор и Проектен фасилитатор (асистент) | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Опфатени 40 невработени жени и млади ќе се информираат за активните мерки и можностите за вработување 40 невработени жени од Општина Штип ќе ги зголемат своите капацитети за вработување во однос на полесно пласирање на пазарот на трудот. |
| 2. | Постоење на насилство врз жени и девојки | - Практични обука со инструктор за боречки вештини<br><br>- Ментални тренинзи | „Прекинување на циклусот на насилство преку самоодбрана – | 12 Тренинзи во кик бокс со инструктор за | Набавка на нови тренажни реквизити (ракавици, вреќи за удирање, | Инструктор од Кикбокс Клуб „Гладијатор“ | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог | 20 обучени жени/девојки со стекнати вештини и знеања за препознавање и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за справување со стрес<br><br>-Едукативни сесии за родова еднаквост и лична безбедност<br><br>-Споделување на лични приказни и искуства на жртви со цел создавање чувство на поддршка и припадност | Safe space“ | самоодбрана во текот на месец мај | еластични ленти, заштитна опрема)<br><br>**Одобрени средства: ВКУПНО: 50.000** | | активност и по јавен повик) | избегнување на потенцијално опасни ситуsации, намалување на стравот и зголемување на чувството на лична контрола и безбедност |
| | **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење Денови/месеци** | **Буџет на проектот-денари/за една година** | **Одговорни за имплементација/ Партнери** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |
| 3. | Постоење на намалена меѓусебна доверба и соработка помеѓу учениците, постоење родови стереотипи и предрасуди | - Одрување на 10 креативни работилници со ученици на кои ќе се работи на тема родова еднаквост и надминување на стереотипи преку изгитвување на цртежи и постери, рол-плеј активности (симулации на секојдневни ситуации), дискусии и рефлексија за наученото и примната во секојдневниот жиот.<br>- Интерактивни игри ( 10 работиници) | „Родовата еднаквост и надминување на стереотипи помеѓу учениците“ | Шес месеци во текот на 2026 година | -Надоместок за координатор: 40.000 ден.<br><br>-Надомест за 2 едукатори за 10 работилници за ученици : 20.000<br><br>-Надомест за 2 едукатори аа еднодневна раотилница 8.000<br><br>-Храна за обуката за наставници: 12.000 ден.<br><br>-Храна (ужинка) за ученици : 12.000 | Здружение на Ромите Черења Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Едуцирани 100 ученици од 8 и 9 одделение од ООУ „Гоце Делчев“ (50) и од ООУ „Димитар Влахов“ (50) за препознавање и отфрлање на стереотипите и за поттикнувањена родовата еднаквост и инклузивнот.<br><br>Едуцирани и подготвени 20 наставници за интеграција на родовата еднаквост во наставата |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Спортски активности за ученици (4 сесии)<br>-Еднодневна работилница за наставници за интеграција на родовата еднаквост во наставата | | | (100 ученици Х 120 ден.)<br>**Одобрени средства:**<br>**ВКУПНО: 100.000** | | | |
| 4. | -Недоволна запознатост на инвалиди на трудот со нивните права за здравствена, образовна и социјална заштита –<br>Недостаток на статистика за:<br>број на инвалиди на трудот, висина на животниот станндард;<br>степен на обраовање,<br>со кого живеат,<br>висината на нивниот надоместок;<br>дали имаат додаток за инвалидитет;<br>дали имаат потреба од помош во домот;<br>дали имаат потреба за сместување во | -Анкетирање на инвалиди на трудот за<br>ралични прашања кои се однесуваат на нивниот живот.<br><br>-Обработка на добиените податоци<br><br>-Изготвување на „power –point“ презентација на резултатите од анкетирањето<br><br>-Изготвување на база на податоци од добиените резултати од анкетата, | „Помош за тебе.<br>“ | Јануари-мај 2026 година | **-**Надомст за 2 координатори на проектот 2x10.000 = 20.000 ден.<br><br>-Надомест за 2 анкетари 2 х 8.000= 16.000 ден.<br><br>-Надомест на лице задолжено за обработка на податоците: 5000 ден.<br><br>-Изрботка на анкетни листви-прашалници (200-400) : 5.000 ден.<br><br>-Трошоци за гориво: 3.000 ден.<br><br>-Аудио-видео опрема за презентација : 1000 ден.<br>**Одобрени средства:** | Здружение на инвалидите на трудот – ЗИТ Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Анкетирање на најмалку 100 лица инвалиди на трудот и направена анализа за состојбата во која се наоѓаат и приоритетнте потреби кои ги имаат. Зголемена мотивација за вклучување во опшштественииот живот, Зголемена свест на заедницата за потребите и проблемите на оваа категорија на граѓани. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дом и сл. | | | | **ВКУПНО: 50.000** | | | |
| 5. | Потреба од помош и поддршка на специјализирани даватели на услуги на жртви на родово-базирано насилство согласно законската регулатива (Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство; Закон за социјална заштита), Истамбулска конвенција | Давање на финансиска поддршка за непречено функционирање на Центарот за интегративен пристап за жени жртви на секаков вид на насилство кој долги години го формира и одржува ЗГ „ЕХО“ од Штип.<br><br>Преку поддршката на Центарот за интегративен пристап се обезбедува неопходен пакет на услуги за жени и девојки изложени на секаков вид на насилство за перод од намалку **6 месеци**.<br><br>1.Бесплатна правна помош<br>2. Психосоцијално советување,<br>3. Психотерапија<br>4.Поддршка за економско јакнење.<br>5. Безбедносно планирање<br>6.Координација со Мултисекторскиот | „Обезбедување на сет на неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид насилство преку поддршка на функционирањето на Центарот за интегративен пристап до неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид насилство за периодот од 6 месеци за 2023 година“ | За 6 месеци во текот на целата година 2026, согласно потребите на Центарот за интегративен пристап | Финансирање на трошоци за работа на Центар за интегративен пристап (дел од закупнина на канцеларија и режиски трошоци 6 месеци x 6.000 = **36.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар за координатор на Центар за интегративен пристап за 6 месеци x 15.000ден. - **90.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар на администратор на електронска база/ правник за 6 месеци по 10.000 ден. - **60.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар на холистички терапевт/советник за психофизичка стабилизација и саморегулација за 6 месеци по 6.700 ден.- **36.000 ден.** | Претставници од НВО сектор - ЕХО (согласно јавен повик) | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик | Обезбедени услуги за бесплатна правна помош, психосоцијално советување и поддршка, како и економско зајакнување, ресоцијализација и реинтеграција на најмалку 60 жени жртви на насилство и семејно насилство |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тим на заедницата (МТЗ) за за ефикасна заштита на жените и девојчињата изложени на насилство | | | Организирање на состаноци на Мултисекторски тим на заедницата за заштита на жените и девојките изложени на насилство(логистички материјали и освежување) 2 состаноци х 6.000ден.= **12.000 ден.** **Одобрени средства: Вкупно: 234.000 ден.** | | | |
| | **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење Денови/месеци** | **Буџет на проектот- денари/за една година** | **Одговорни за имплементација/ Партнери** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |
| 6. | Постоење на хроничен замор и стрес кој предизвикува опасности од различни видови на заболувања како што се : кардиоваскуларни заболувања, дебелина, дијабетес тип 2, | Организирање на бесплатни, функционални фитнес антистрес тренинзи и забавно-спортски игри кои ја подобруваат флексибилноста, држењето и јачината на телото кое ќе придонесе за | „ Бесплатни, функционални фитнес тренинзи за подобрување на психо-физичкотоздравје кај жените подложни на професионални заболувања | февруари-април 2026 и октомври-декември 2026 (вкупно 6 месеци) | Ангажирање на инструкторка за спортско – рекреативни тренинзи за 6 месеци **х** 20.000 ден.= **120.000** ден. | Претставници од НВО сектор - ЗГ ЕХО (согласно јавен повик) | Буџет на Општина Штип (предлог - активности по јавен повик | Најмалку 60 жени вклучени во бесплатните фитнес тренинзи Број на организирани спортско-рекреативни антистрес тренинзи Намален стрес, |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | остеопороза како и одредени типови на канцер , поврзани со професијата на жените кои работат во канцеларија, во конфекции и слични работни места | одржување на психо-физичкото здравје и социјализација на жените | | | **Одобрени средства:**<br><br>**Вкупно : 120.000 денари** | | | подобрена мобилност, воспоставени здрави навики, зголемена продуктивност во извршување на работните обврски и воопшто подобрена општа здравствена состојба кај корисничките на бесплатните тренинзи. |
| 7. | Постоење потреба од поголема социјална инклузија и подобрување на когнитивни и технички вештини Потреба за зголемување на самостојноста и работната функционалност на лица со интелектуална попреченост. | 1.Изработка на дигитална програма за обука прилагодена на лица со интелектуална попреченост.<br>2.Прилагодување а просторот а 3Д работилница<br>3.Подготовка на раработна станица на учесниците<br>4. Инсаталација на софтвер за едноставно 3Д моделирање<br>5.Практична работа со 3Д моделирање | „Воведување на иновативна пристапна едукативна програма за лица со интелектуална попрелченост, преку организирање специјализира на обука за 3Д моделирање и практична работа на 3Д-печатач. “ | Јануари-декември 2026 год. | **Набавка на опрема:**<br><br>**-Лап топ 45.000 ден**<br><br>**- 3Д –печатач 30.000 дн.**<br><br>**Одобрени средства:**<br><br>**Вкупно : 75.000 денари** | Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог - активност и по јавен повик | -Подобрени дигитални и технички вештини.<br>-Стекнато практично знаење за работа на 3Д печатач<br>-Подобрена фина моторика , концентрација и логично размислување кај учесниците;<br>-Зголемена самостојност и работна фунционалност кај учесниците<br>-Поттикната социална инклуиј и активна улога во заедницата.<br>-Зајакната подготвеност за идно вработување или влучување во |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | заштитно поддржано работење.<br>-Успешно совладана обука за 3Д – моделирање<br>**(10-15 лица со интелектуална попреченост)** |
| 8. | Зголемен број на лица со прекумерна телесна тежина и дебелина (обезност) како како последицна седентарен начин на живот- (недоволна физичка активност, висококалорична исхрана, хроничен стрес и недоволна свесност за здравствени ризици.<br>Појавување на болести на: кардио-васкуларен систем, појава на дијабет тип 2, хормонални нарушувања, метаболно нарушување на | 1.Селекција на учесници во тренинг –програма, преку отворен Јавен повик (вкупно 10 возрасни лица)<br><br>2. Изработка на индивидуален план за тренинг<br><br>3.Спроведување на 36 тренинзи во период од 12 недели (3 тренинзи неделно) | „Активна трансформациј а: физичка активност за намалување на прекумерна телесна тежина“ | | Надоместок за фитнес тренери :45.000 ден<br><br>Наоместок за медицински координатори (ендокринолог и кардиолог) 15.000 ден.<br><br>**Одобрени средства:** | Хуманитарно здружение ХУМАНИ ЛАЈОНСИ Клуб Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Намалување на телесната тежина за најмалку 5% кај повеќето учеснци - 80% од нив (10 лица)<br><br>Подобрена мобилност и кондиција<br><br>Подобрен квалитет на живот и психолошка благосостоба.<br><br>Зголемена свесност во заедницата за придобивките од редовно вежбање.<br><br>Разработување на модел за примена на ваков вид тренинг програма која во иднина може да се примени на 20, 50 или 100 учесници. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | работата на црниот дроб, апнеја, болести на жолчно ќесе, малигни заболувања, болести на мускулно-скелетен систем , анксиозност, депресија итн. | | | | **Вкупно : 45.000 денари** | | | |
| 9. | Постоење на економска нееднаквост на жените во однос на мажите во роруални средини. Ограничен пристап на жени од рурални средини до редовни приходи од формално вработување. Ограничен пристап до ресурси, инфраструктурни проблеми, Постоење на традиционални „улоги“ на жените во семејствата во рурални средини. | Главна цел на проектот е поттикнување на економско и социјално зајакнување на жените во руралните средии преку женско претприемништво.<br><br>Специфични цели:<br>1.Обезбедување обуки за најмалку 10жени во за основи на бизнисот (бизнис план, фиансии, маркетинг)<br><br>2.Менторска поддршка за најмалку 5 жени со конкретна бизнис идеја<br><br>3. Поотикнување на развој на барем 3 микро/домашни | „Поттикнување на женско претприемништво во руралните средини на Општина Штип“ | 12 недели во текот на 2026 год. | 1.Истражување /анкети (транспорт материјали) : 8.000 ден.<br>2.Работилници (простор, материјали , кафе/освежување ) 17.000 ден.<br>3.Менторство (целосна компетенција) 25.000 ден..<br>4.Микрогрантови за 3 жени Х 15.000 ден. = 45.000 ден.<br>5. Вмрежување и промоција (постери, летоци, настан) 5.000 ден.<br>**Одобрени средства:** | Хуманитарното здружение ХУМАНИ ЛАЈОНСИ Клуб Штип. (предлог проект по Јавниот повик); | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Најмалку 10 жени ќе бидат обучени и информирани за претприемништво<br><br>Ќе се обезбеди менторска поддршка за најмалку 5 жени, од кои 3 ќе започнат микро бизниси.<br><br>Почеток на најмалку 3 старт ап микро бизниси водени од жени во урални средини.<br><br>Формирана мрежа на жени претприемачи (групи) која ќе продолжи да функционира и по завршување на проектот.<br>Подобрен |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | бизниси<br><br>4.Формирање на локална мрежа на жени претприемачи за размена на искуства и соработка | | | **Вкупно : 100.000 денари** | | | економски статус на учесничките, потенцијално зголемување на личен приход и самостојност |
| 10. | Зголемен број на лица кои се соочуваат со дијагноза – карцином. Популација на која и е неопходна помош бидејќи се соочува со физичка болка, стравови, несигурнсот, нарушен квалитет на живеење и социјална изолација. Непостоење на организирана група за емоционална и психолошка поддршка на лицата забоелни од карцином | Специфични цели:<br>1.Формирање на флуидна група за психолошка поддршка<br>2. Обезбедување 24 групни сесии водени од две котерапевтки<br>3.Организирање на 4 психо-едукативни работилници<br>4. Соработка со онколошкоодделение<br>5. Намалување на изолацијата и сосздавање на заедница за поддршка | „Обезбедување достапна, бесплатна и стручна психолошка поддршка за лицата кои се соочуваат со малигни заболувања, кои се исклучително ранлива категорија на лица, соочени со физичка болка, стравови, несигурност, нарушен квалитет на живот и социална изолација. | Јануари – декември 2026 год. | Групни психолошки сесии 96.000 ден.<br>Подготовка на простор 15.000 ден.<br>Оссвежување и потрошени материјали за 24 сесии 14.000 ден.<br><br>**Одобрени средства:**<br><br>**Вкупно : 125.000 денари** | Здружението на психолози и психотерапевт и ЗПП ЛИРАС – Штип. | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активност и по јавен повик) | Создадени значајни психолошки, социјални и функционални промени кај учесниците. Долгорочни придобивки кај лицата со карцином, нивните семејства и локалната заедница. Намален анксиозност и страв, намалена социјална изолација, активирање на внатрешни капацитети со развивање на чувство на контрола и сигурнсот, подобрена комуникација со семејство.<br>**Индикатори:** Број на реализирани сеесии (24),<br>Број на учесници |
| | **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење Денови/мес** | **Буџет на проектот-денари/за една** | **Одговорни за имплементација/** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |

| | | | | **еци** | **година** | **Партнери** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Недоволна запознаеност на младите од средните училишта во општината со опасностите од сексуално преносливите инфекции | Анкета за познавањата на учениците во прва година во средните училишта за СПБ,опасностите и ризиците кои ги носат, предавања за СПБ во сите средни училишта, повторно анкетрање со цел да се видат резултатите од предавањата, изготвен извештај за состојбата пред и после предавањата | „Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите СПИБ во насока на превенција на истите“ | Октомври - декември 2025 | Изготвување на анкетни листови, анкетирање и анализа на резултати – доктори од ЦЈЗ **2 х 8.000 ден. (16.000)** Предавања во сите средни училишта од доктори од ЦЈЗ **2 х 17.000 ден. (34.000 ден)** **Вкупно 50.000 ден** | Доктори – епидемиолози од ЦЈЗ Штип<br><br>Координаторка за еднакви можности,<br><br>Заменик координаторка за еднакви можности | Буџет на Општина Штип | Број на ученици разделени по пол кои се анкетирани и запознати со ризиците од СПИБ и превенцијата од нив |
| | | | | | ***ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: 999.000 денари*** | | | |

Број 08 – 620/ 1
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

22.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА.

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 621/2
28 јануари 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

23.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" број 193/16 , 72/18 и 16/22) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2026 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 21/25),
во делот **7. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата** во точка **7.1 Изработување на инвестиционо-техничка документација,** во подточката
**7.1.1 Улици и мостови ,** се додаваат:

- Изработка на проектна докумнтација за уредување на речно корито на р. Брегалница,

Во точка **7.2 Работи поврзани со уредување на градежно земјиште , реконструкција и рехабилитација на улици, водоводни и канализациони мрежи, тротоари , паркинзи и партерни уредувања,** во подточка

**7.2.1. Улици, Реконструкција, асфалтирање и рехабилитација на улици и паркинзи,** се додаваат:

- Асфалтирање на крак на ул. „Пиринска”
- Рехабилитација на ул. „ Питу Гули”
- Асфалтирање на крак на ул. „21 мај”
- Рехабилитација на ул. „Тодор Коларов”
- Асфалтирање на крак на ул. „Христијан Карпош”
- Рехабилитација на ул. „Сремски фронт”
- Рехабилитација на ул. „Кеј Маршал Тито”
- Уредување на паркинг на ул. Баница

**7.2.3.1 Тротоари,** се додава

- Уредување на тротоар на ул. „ Питу Гули”
- Уредување на тротоар на ул. „ Асном”

**7.2.3.2 Реализација на партерни уредувања,** се додава

- Уредување на корито на река Отиња
- Уредување на речно корито на р. Брегалница

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува до донесување на Програма за 2027 година.

Број 08 – 621/1
28 јануари 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

24.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП2.18 И ГП 2.20 ОД ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ТРИАГИОЛНИК, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 3 И 4, УРБАН МОДУЛ 1 И 2, ОПФАТ ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, МАРШАЛ ТИТО, ВАНЧО ПРКЕ, РАЈКО ЖИНЗИФОВ, И.Л.РИБАР, ХРИСТО БОТЕВ И ОХРИДСКА, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за техничка исправка за ГП2.18 и ГП 2.20 од ДУП на дел од центар Триагиолник, дел од Урбан блок 3 и 4, Урбан модул 1 и 2, опфат помеѓу улиците Гоце Делчев, Маршал Тито, Ванчо Прке, Рајко Жинзифов, И.Л.Рибар, Христо Ботев и Охридска, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 622/2
28 јануари 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

25.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
# ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 2.18 И ГП 2.20 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ТРИАГОЛНИК, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 3 И 4, УРБАН МОДУЛ 1 И 2, ОПФАТ ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ: ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, МАРШАЛ ТИТО, ВАНЧО ПРЌЕ, РАЈКО ЖИНЗИФОВ, И.Л.РИБАР, ХРИСТО БОТЕВ И ОХРИДСКА, ОПШТИНА ШТИП

I

Основна цел на техничката исправка е усогласување на нумеричките податоци дадени во табелите и графичките прилози во Изводот од ДУП.

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – дадени во важечки извод од ДУП**

Графички дел

Техничката исправка се изработува на ГП 2.18 и ГП 2.20 од Извод од ДУП



ДУП за дел од центарот -ТРИАГОЛНИК-Општина ШТИП -ПРЕДЛОГ план 2006-2011

| број на парцела | намена | мах. висина | површ. на парцела (м2) | п (м2) градба | нето п(м2) развиена | Проц. на изграден. % | коеф. на искор. | Пар. во парцела | Пар. надвор од парц. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | МОДУЛ 1 | | | | | |
| 1.1 | М | Нм=9.0 м | 2 220 | 676 | 1 172 | 30 | 0.5 | 2 | 11 |
| 1.2.3 | Ц-АО | Нпост. Нмах=9.0м | 2 324 | 1 009 | 1 255 | 45 | 0.5 | / | 12 |
| 1.4 | СК | Нмах=7.5м | 130 | 82 | 240 | 60 | 1.6 | 1 | 1 |
| 1-5 | СК | Нмах=7.5м | 207 | 77 | 231 | 37 | 1.1 | 1 | / |
| 1.6 | СК | Нмах=7.5м | 120 | 75 | 200 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1.7 | СК | Нмах=7.5м | 120 | 75 | 200 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1.8 | СК | Нмах=7.5м | 195 | 108 | 320 | 60 | 1.6 | 3 | / |
| 1.9 | СК | Нмах=7.5м | 108 | 65 | 180 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1.10 | СК | Нмах=7.5м | 208 | 110 | 330 | 53 | 1.6 | 3 | / |
| 1.11 | СК | Нмах=7.5м | 479 | 113 | 340 | 24 | 0.7 | 3 | / |
| 1.12 | СК | Нмах=9.0м | 327 | 200 | 600 | 59 | 1.6 | 5 | / |
| 1.13 | СК | Нмах=7.5м | 305 | 185 | 450 | 60 | 1.5 | 4 | / |
| 1.14 | СК | Нмах=7.5м | 262 | 160 | 420 | 60 | 1.6 | 4 | / |
| 1.15 | СК | Нмах=7.5м | 218 | 130 | 350 | 60 | 1.6 | 3 | / |
| 1.16 | СК | Нмах=7.5м | 190 | 103 | 310 | 54 | 1.6 | 3 | / |
| 1.17 | СК | Нмах=6.5м | 223 | 124 | 250 | 55 | 0.9 | 2 | / |
| 1.18 | СК | Нмах=6.5м | 180 | 92 | 180 | 51 | 1.0 | 1 | / |
| 1.19 | СК | Нмах=7.5м | 220 | 106 | 320 | 48 | 1.4 | 3 | / |
| 1.20 | СК | Нмах=7.5м | 202 | 97 | 300 | 48 | 1.5 | 2 | / |
| 1.21 | СК | Нмах=6.5м | 83 | 56 | 112 | 60 | 1.3 | 1 | / |
| 1-22 | СК | Нмах=7.5м | 147 | 90 | 230 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1-23 | СК | Нмах=7.5м | 163 | 98 | 250 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1-24 | СК | Нмах=6.5м | 170 | 102 | 270 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1-25 | СК | Нмах=6.5м | 161 | 91 | 260 | 57 | 1.6 | 2 | / |
| 1-26 | СК | Нмах=8.0м | 182 | 110 | 330 | 60 | 1.6 | 1 | 6 |
| 1.27 | СК | Нмах=9.0м | 360 | 220 | 660 | 60 | 1.6 | 3 | / |
| 1.28 | СК(пост.) | Нмах=9.0м | 85 | 85 | 250 | 100 | 3.0 | / | / |
| 1.29 | СК | Нмах=7.5м | 126 | 75 | 200 | 60 | 1.6 | 2 | / |
| 1.30 | СК | Нмах=9.0м | 380 | 200 | 600 | 60 | 1.6 | 6 | / |
| 1.31 | СК | Нмах=9.0м | 198 | 74 | 225 | 37 | 1.1 | 2 | / |
| 1.32 | СК | Нмах=7.5м | 223 | 100 | 300 | 45 | 1.3 | 3 | / |
| 1.33 | УД | Нмах=3.5м | 100 | 43 | 43 | 43 | 0.43 | / | 1 |
| 1.34 | ТС(пост.) | Нмах=3.5м | 28 | 28 | 28 | 100 | 1.0 | / | / |
| | | | | МОДУЛ 2 | | | | | |
